РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2794/1
13-08-2021

Врз основа на член 22 став 1 а во врска со член 76 став 6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 50 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 22.07.2021 година, ДКСК донесе

## ОДЛУКА

Наводите од анонимната пријава со број 09-1774/1 од 06.03.2019 година кои се однесуваат на влијание од повеќе службени лица од Делчево за вработување на блиски лица не се потврдуваат, по што постапката за утврдување судир на интереси СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-1774/1 од 06.03.2019 година.

Предметот со број 09-1774/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-1774/1 од 06.03.2019 година е оформен по доставена анонимна пријава против повеќе службени лица од Делчево со наводи за вработување на нивни блиски лица во повеќе институции во Делчево.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и ја констатира следната фактичка состојба:

Лицето ----------, член на совет на општина Делчево е вработен во ООУ --------- --------- како секретар. За работното место секретар во наведеното училиште бил спроведен јавен оглас на кој се пријавиле 5 кандидати, од кои 4 уредно и 1 неуредно. На крај од административната селекција, при проверка на веродостојноста на доказите, се појавил само --------- со кој е спроведено интервју и подоцна е донесена одлука за избор на ова работно

место од страна на директорот на училишето и склучен е договор за вработување со истото лице.

Лицето ---------, член на совет на општина Делчево е вработена во ----------- како наставник. Во училиштето била вработена од 01.12.2017 година на определено време до трансформација на работниот однос на неопределено време од 20.11.2019 година, врз основа на добиена согласност за трансформација на работниот однос, а согласно Законот за наставници и стручни соработници.

Лицето -----------, блиско лице на градоначалникот на општина Делчево (---------) е вработена во -------------, согласно ЗРО преку спроведен јавен оглас. Формирана е комисија за прегледување на документите, подготвен е записник од нивна страна и за работното место Неговател се јавила само ----------. Подоцна е донесена одлука за избор на истото лице од страна на директорот.

Лицето ----------, сестра на -------------, член на совет на општина Делчево била ангажирана преку Приватна агенција за вработување во ---------- во период од 11.02.2020 – 31.12.2020 година.

Во однос на другите наводи од пријавата, ДКСК веќе има постапувано или нема доволно податоци за да постапува.

На седницата одржана на ден 22.07.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во врска со наводите кои се однесуваат на влијание од повеќе службени лица од Делчево за вработување на блиски лица.

Имено, горенаведените лица се вработени согласно законските прописи и нема предвидени забрани за нивно вработување или ангажирање согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК